Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 111/0306
02.03 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 февруари 2021 година, врз основа на примена жалба од Јовица Пауноски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Веб-порталот на весникот „Слободен печат“, со текстот насловен „Видео: Ивермектинот на Инфективна клиника не се дава, Филипче вели – тоа е лекарска проценка“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 9 февруари 2021 година, Јовица Пауноски поднесе жалба за текстот со „Видео: Ивермектинот на Инфективна клиника не се дава, Филипче вели – тоа е лекарска проценка“, објавен на 9 февруари 2021 година, на веб-порталот на „Слободен печат“ (www.slobodenpecat.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи мешање на факти и мислење, вест и коментар, неточно и нефер известување и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 1 и 13.

Подносителот на жалбата, меѓу другото, дополнува дека објавената информација ги наведува читателите дека лекот Ивермектин не се давал на Инфективната клиника во Скопје, што било сосема спротивно од изјавата на министерот за здравство, објавена во видео снимка на истата вест.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „Слободен печат“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Уредникот на медиумот, Марина Дамческа, одговори на наводите и жалбата ја оцени како неоснована. Таа вели дека темата со лекот Ивермектин била обработувана и во печатеното и во електронското издание на медиумот, во повеќе наврати и со различни соговорници. Појаснува дека конкретната вест била само надоврзување на претходен текст, објавен ден претходно, во кој авторката, повикувајќи се на соговорници од Клиниката за инфективни болести, констатирала дека лекот не се применува на таа Клиника. Дамческа додава дека извор на веста била директорката на Клиниката, д-р Милена Стевановиќ, која на прашање на „Слободен печат“ одговорила дека предметниот лек не се давал таму и не е бил во нивниот протокол за болничко лекување. Таа вели дека името и презимето на Стевановиќ при процесот на редактирање биле изоставени, но дека поседувале снимка од разговорот со директорката.

*„По оваа објава во печатеното издание на дневниот весник „Слободен печат“, од тамошниот уредник Жарко Јордански, колешката Бурнс е испратена да добие одговор од министерот Филипче, кој очигледно е затечен од прашањето и не знаејќи го вистинскиот одговор или причината зошто „ивермектин“ не се дава на Клиниката, дава политички коректен одговор кој е пренесен во кратка верзија во текстот, чисто за да не се потенцира дека не знае за неупотребата на лекот за кој толку многу се пишуваше, се ургираше за да се регистрира и донесе што поскоро за да имаат бенефит во лекувањето пациентите од Ковид“,* се посочува во одговорот на „Слободен печат“.

Од „Слободен печат", во одговорот на жалбата, приложија и скриншот од весникот, каде била објавена целата сторија, што ѝ претходела на изјавата на министерот Филипче за предметната тема, поврзана со лекот Ивермектин.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 февруари 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, заклучи дека се работи за куса информативна вест, проследена со видео изјава на министерот за здравство, Венко Филипче, поврзана со користењето на лекот „Ивермектин".

Членовите на Комисијата оценија дека информацијата произлегува од јавниот интерес, но дека не е целосна и не ги согледува сите аспекти за темата за која се говори. Начинот на кој е обработена веста не дава експлицитен одговор на главната дилема дали лекот „Ивермектин" се користи или не се користи на Клиниката за инфективни болести.

Насловот и изјавата на министерот не кореспондираат, односно насловот прејудицира едно, а изјавата на министерот укажува на нешто друго. Со други зборови, веста не е прецизно контекстулизирана и не соодветствува со насловот. „Слободен печат" во насловот тврди дека Ивермектинот не се дава на Инфективна клиника и веста ја пласира како факт, додека од изјавата на Филипче не можат да се потврдат таквите наводи:

*„Во однос на терапијата, навистина тоа е нешто што се должи на проценка на лекарот. Има јасна индикација кога треба да се даде, зошто се дава, во колкава доза и се дава таму каде што има навистина потреба. Еве, да потенцирам уште еднаш дека нема специфичен лек за оваа болест, сè е прашање на индикација, на состојбата на пациентот, на клиничката слика. Согласно тоа, нема дури за еден лек ниту една единствена доза за секој*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*пациент. Сето тоа е проценка на лекарот врз основа на клиничката слика и параметрите.“,* вели министерот за здравство во изјавата.

Во однос на појаснувањето на „Слободен печат“ дека темата за лекот „Ивермектин“ ја обработувале и претходно како вест во низа и дека оттука произлегува директното прашање до министерот, Комисијата зазеде став дека медиумот тоа морал јасно да го назначи во текстот. Со оглед на тоа што читателите можеби не се упатени на сите теми што претходно ги обработувал порталот, обврска на медиумот е во новинарскиот „бекраунд“ да ја внесе информацијата дека лекот не се користи на Инфективната клиника или да постави линк до содржините на истата тема.

На тој начин, би била обезбедена појасна и поширока слика и целосно би бил отстранет ризикот од евентуално доведување во заблуда на читателите. Комисијата при постапувањето се води единствено од конкретниот новинарски производ, кој е предмет на жалба, без притоа самостојно да навлегува во хронологијата на одредена тема кај медиумите.

Оттука, Комисијата утврди дека во оспорената содржина на порталот „Слободен печат“ е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, во делот кој налага дека изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилноста и професионалноста на текстот.  Насловот на текстот мора да одговара на неговата содржина.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Тео Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува веб – порталот на „Слободен печат“ (www.slobodenpecat.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk  info@semm.mk  (02) 3222-595